Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.05.2019 година), секретарот на банката, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 16 октомври 2023 година донесе

## РЕШЕНИЕ

1.Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот , примено во Народната банка на Република Северна Македонија по електронски пат на 8 октомври 2023 година, ДЕЛУМНО СЕ ОДОБРУВА.

2. Во врска со бараната информација дали во нашата држава, Народната банка врши откуп на златници, барателот се известува дека Народната банка на Република Северна Македонија не врши откуп на златници.

Во однос на прашањето дали постојат законски или други подзаконски акти со кои се утврдува кои се овластени лица за откуп на златници и слични производи од злато и други скапоцени метали и по која референтна тековна цена се врши паричната исплата, барателот се известува дека Народната банка на Република Северна Македонија не располага со бараните информации.

## Образложение

На 8 октомври 2023 година од страна на лицето по електронски пат доставено е Барање на информации од јавен карактер, со кое барателот бара информации, за тоа дали во нашата држава Народната банка врши откуп на златници, дали постојат законски или други подзаконски акти со кои се утврдува кои се овластени лица за откуп на златници и слични производи од злато и други скапоцени метали и доколку пости можност за откуп на златници, по која референтна тековна цена се врши паричната исплата?

Имајќи предвид дека дел од бараните податоци претставува информација од јавен карактер со кои Народната банка располага на барателот му се доставува одговор, додека за останатите побарани информации, барателот се известува дека Народната банка не располага со информациите.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-549
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-340
www.nbrm.gov.mk

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.02-34375/1
18 октомври 2023 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

**Правна поука**: Незадоволниот барател има право
на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.